Врз основа на член 71 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Управниот одбор на Банката на ден 30.07.2026 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

за измена на Тарифата на надоместоци на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје

I. Тарифата на надоместоци на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје се менува во следните делови:

- Во дел Физички лица, во тарифен број 12.1.1 насловот Отворање на денарска / девизна платежна сметка„ се менува со наслов „ Отворање на платежна сметка во МКД, ЕУР и валута различна од ЕУР"
- Во тарифен број 12.1.3 насловот „Месечно одржување на валутна платежна сметка" се менува со анслов „ Месечно одржување на платежна сметка во ЕУР и валута различна од ЕУР".
- Во тарифниот број 13 насловот ГОТОВИНСКИ ТРАНСАКЦИИ " се менува со наслов „ТРАНСАКЦИИ СО ГОТОВИНА", а зборовите „странска валута„ се заменуваат со зборовите „ЕУР и валута различна од ЕУР".
- Во тарифните броеви 13.2 и 13.3 терминот „ Подигнување готовина„ се заменува со терминот „Повлекување готовина".
- Во тарифен број 17 терминот „Готовински трансакции" се заменува со терминот "Трансакции со готовина".
- Во тарифен број 25.2.2. „Затворање на платежна сметка по барање на клиент", се допрецизира дека затворањето на платежна сметка е без надомест кога рамковниот договор за платежна сметка и платежни услуги е пократко и/или подолго од шест месеци и тарифниот број гласи„ Затворање на платежна сметка по барање на клиент (отворена со рамковен договор кој во моментот на затворање е на сила пократко и/или подолго од шест месеци)".
- Во тарифните броеви 25.10, 25.11 терминот„девизи/девизен", се заменуваат со терминот„ еур и валута различна од еур".
- Во тарифните броеви 29, 30, 31 потточка 3.1.2 и 32 терминот„ Странска валута" се заменува со терминот„ еур и валута различна од еур ".
- Во тарифен број 30 терминот „ефектива" се заменува со терминот„ готовина", а во тарифните броеви 30.1 и 30.3 терминот„ Исплата/Исплати" се заменува со терминот" Повлекување на готовина".
- Во тарифен број 31 насловот „Странска валута" се заменува со наслов „Кредитен трансфер".
- Во тарифен број 31.2 точка б) терминот „Меѓубанкарски плаќања" се заменува со терминот„ Интерни кредитни трансфери", а во точка в) терминот „Интерни плаќања" се заменува со терминот „ Интерни кредитни трансфери".
- Тарифните броеви 34, 34.1,34.2,3 4.2 и 34,4 се менуваат во 33, 33.1,33.2,33.3 и 33.4.
- Глава IV „Останати услуги" се брише, а Глава V „Термински план за работа на банката при реализација на кредитни трансфери од/за клиенти на банката" станува Глава IV
- Во целиот текст на тарифата, терминот „налог" се менува со терминот„ кредитен трансфер" и терминот „денарска сметка" се менува со терминот„ платежна сметка".

Образложение за промените: од постојната Тарифа на надоместоци се издвојува Глава V- делот за надоместоци за странските кореспондентски банки, како посебена Тарифа. Се допрецизира дека затворањето на платежна сметка е без надомест кога рамковниот договор за платежна сметка и платежни услуги е пократко и/или подолго од шест месеци и тарифниот број гласи„ Затворање на платежна сметка по барање на клиент (отворена со рамковен договор кој во моментот на затворање е на сила пократко и/или подолго од шест месеци)".Исто така, направени е терминолошки усогласувања на термините содржани во тарифата со термините во Општите услови за платежна сметка и платежни услуги.

II. Одлуката стапува на сила на денот на донесувањето.

III. Промените со оваа Одлука ќе почнат да се применуваат од 15.10.2026 година и истата да се објави на интернет страната на Банката и да се извести Народна банка на РСМ.

IV. Одлуката се доставува до сите дирекции, експозитури и архивата на Банката.

УО. број: 0202/2-116/2026/2
30.07.2026 година

УПРАВЕН ОДБОР